Neni 4

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, me përjashtim të Mazutit M-1 SU, përfshihet edhe kompensimi për shpenzime të transportit nga depozita deri te pikat e karburantit në shumë prej 1,00 denarë/litër për të gjitha derivatet e naftës.

Neni 5

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, është i përfshirë edhe kompensimi për financimin e aktiviteteve nga fusha e mjedisit jetësor, që sipas nenit 184, paragrafi (1), të Ligjit të Mjedisit Jetësor, e paguajnë tatimpaguesit e përcaktuar me këtë ligj:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 0,080 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | - | 0,080 (denarë/litër) |
| - Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 0,030 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie - EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | - | 0,040 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | - | 0,050 (denarë/kilogram) |

Neni 6

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, është përfshirë edhe kompensimi për rezervat e detyrueshme, të cilin në pajtueshmëri me nenin 32, paragrafi (1) të Ligjit të Rezervave të Detyrueshme të Naftës dhe të Derivateve të Naftës, e paguajnë prodhuesit e derivateve të naftës dhe importuesit e derivateve të naftës:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 0,890 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | - | 0,890 (denarë/litër) |
| - Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 0,300 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie - EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | - | 0,300 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | - | 0,740 (denarë/kilogram) |

Neni 7

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, akcizat që i paguajnë tatimpaguesit në pajtueshmëri me rregullat e akcizave kanë këto vlera:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 21,00 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | - | 21,00 (denarë/litër) |
| - Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 13,50 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie - EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | - | 15,50 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | - | 0,100 (denarë/kilogram) |

Neni 8

Ky vendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes së tij, publikohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen zyrtare të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe do të zbatohet nga ora 00:01 datë 28.7.2026.

Komisioni Rregullator i Energjetikës, Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut

Nr. 02-1198/1
27.7.2026
Shkup

Kryetar,
**Аco Ристов,** d.v.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ

**2618.**

Врз основа на член 105 став 5, член 109 став 1 точка 1 точка 7 и член 111 став 2 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр,54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014 и бр.199/2014, 146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/2022, бр.224/24 и бр.160/2025), Регулаторната комисија за домување, на седницата одржана на 16.7.2026 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за определување на висината на надоместокот за организирање и спроведување на обуката за вршење на дејностите за управување со станбени згради, за вработените лица во правните субјекти кои поседуваат лиценца за управител за дејностите за управување со станбени згради со број: Бр.02-607/1 од 03 ноември 2025 година во („Службен весник на РСМ" бр.231/2025).

Член 2

Во член 2 став 1 по зборовите "станбени згради" се додаваат зборовите "во редовно предвидени термини за обука од страна на Регулаторната комисија за домување".

Во член 2 се додава нов став 2 и гласи:

"Висината на надоместокот за организирање и спроведување на обуката за вршење на дејностите за управување состанбени згради за вработените лица во правните субјекти кои поседуваат лиценца за управител за дејностите за управување со станбени згради, согласно Програмата за обука за вршење на дејностите за управување со станбени згради по барање на Правен субјект изнесува".

| Ред.Бр. | обука | Денари |
|---|---|---|
| 1. | Обука за едно до пет лица | 30 000,00 |

Член 3

Член 4 се менува и гласи:

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 01-601/1
16 јули 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за домување
Претседател,
**Никола Затуроски,** с.р.

---

**2619.**

Врз основа на член 105 став 5, член 109 став 1 точка 1 точка 7 и член 111 став 2 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014 и бр.199/2014, 146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/2022, бр.224/24 и бр.160/2025), Регулаторната комисија за домување, на седницата одржана на 8.7.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ (2026-2027)

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Програмата за обука за вршење на дејностите за управување со станбени згради (2026-2027) донесена од страна на Регулаторната комисија за домување.

Член 2

Програмата за обука за вршење на дејностите за управување со станбени згради се состои следниве правни прописи:

Тема: Правна рамка за домување и управување со станбени згради

| Вре. | Содржина / Активност | Метод |
|---|---|---|
| 08:00–08:15 | Воведни зборови, запознавање со учесниците, поделба на материјали и распоред | Предавање |
| 08:15–08:45 | Законот за домување – предмет, примена и поим. Видови на објекти за домување: станбени, станбено-деловни, деловно-станбени. Составни делови на станбените згради: посебни, заеднички и посебни заеднички делови (чл. 1–6) | Предавање / дискусија |
| 08:45–09:15 | Видови станови и единици за престој. Минимално и соодветно домување – стандарди и дефиниции (чл. 7–8). Нумерирање на станбени згради и станови (чл. 9) | Предавање / примери |
| 09:15–09:45 | Управување со станбени згради – поим и дефиниција (чл. 10). Услови за добивање на лиценца за управител: регистрација, паричен влог (мин. 5.000 EUR), број и квалификации на вработени, канцеларија. Постапка за издавање, продолжување и одземање на лиценца | Предавање / Прашања и одговори |
| 09:45–10:00 | Резиме на Турнус 1 – клучни поими и одговори на прашања | Дискусија |
| **ТЕСТ 1** | **Тест за проверка на знаење по завршување на Турнус 1**<br>*15 прашања \| Времетраење: 15 минути* | Писмен тест |

Тема: Работи на управувањето, права и обврски на управителот

| Вре. | Содржина / Активност | Метод |
|---|---|---|
| 10:15–10:30 | Вовед во Турнус 2 – краток преглед на Турнус 1 | Предавање |
| 10:30–11:00 | Договор за заемни односи – содржина, начин на донесување, мнозинство гласови (чл. 11). Работи на управувањето: тековно и инвестиционо одржување. Вонредни настани и постапување на управителот (чл. 11 ст. 8–10) | Предавање / примери |
| 11:00–11:30 | План за одржување на станбена зграда – изработка, донесување, спроведување (чл. 12). Видеонадзор во станбени згради – услови и согласност (чл. 12-а). Судска одлука наместо согласност на сопственик (чл. 13) | Предавање / Прашања и одговори |
| 11:30–12:00 | Определување на управител (чл. 18). Обврски на управителот – чл. 19: застапување, водење сметки, известување на сопственици, итни интервенции, резервен фонд. Одговорност и права на управителот | Предавање / студија на случај |
| 12:00–12:15 | Резиме на Турнус 2 – клучни поими и одговори на прашања | Дискусија |
| **ТЕСТ 2** | **Тест за проверка на знаење по завршување на Турнус 2**<br>*15 прашања \| Времетраење: 15 минути* | Писмен тест |

Тема: Финансии, сметководство и резервен фонд

| Вре. | Содржина / Активност | Метод |
|---|---|---|
| 08:00–08:15 | Вовед во Турнус 3 – краток преглед на претходните турнуси | Предавање |

| | | |
|---|---|---|
| 08:15–08:45 | Поделба на трошоците на управувањето според сосопственички удели (чл. 15–17). Определување на сосопственички удели – методи на пресметка. Распоредување на трошоците за посебните заеднички делови (чл. 16) | Предавање / примери |
| 08:45–09:15 | Резервен фонд – обврска за основање, начин на уплата, намена и користење на средства (чл. 32). Месечна пресметка за трошоците (чл. 33). Потврда за состојба на долг при продажба на посебен дел (чл. 34) | Предавање / примери |
| 09:15–09:45 | **Финансиско работење на управителот: водење на трансакциска сметка на станбената зграда, раздвојување на средства, забрана за користење за сопствени цели (чл. 31). Обврска за месечно известување на сопствениците (чл. 33)** | Предавање / Прашања и одговори |
| 09:45–10:00 | Резиме на Турнус 3 – клучни поими и одговори на прашања | Дискусија |
| **ТЕСТ 3** | **Тест за проверка на знаење по завршување на Турнус 3** *15 прашања \| Времетраење: 15 минути* | Писмен тест |

Тема: Заедница на сопственици, инспекциски надзор и Регулаторна комисија

| Вре. | Содржина / Активност | Метод |
|---|---|---|
| 10:15–10:30 | Вовед во Турнус 4 – краток преглед на Турнус 3 | Предавање |
| 10:30–11:00 | Заедница на сопственици – поим, регистрација, органи, надлежности (чл. 38–50). Собир на сопственици – свикување, кворум, начин на гласање и донесување одлуки. Разлика: управител vs заедница на сопственици | Предавање / споредба |
| 11:00–11:30 | Регулаторна комисија за домување – надлежности, состав, начин на работа (чл. 109). Регистри на управители и лиценци. Инспекциски надзор – права на инспектори, постапка, мерки и санкции. Прекршочни одредби | Предавање / Прашања и одговори |
| 11:30–12:00 | Правилник за обука – организација, Комисија за спроведување, пријавување, надоместок (чл. 1–11). Образец за барање за обука (Образец 1). Потврда за успешно совладана обука (Образец 2) – содржина, важност од 1 година, евиденција | Предавање / практика |
| 12:00–12:15 | Завршно резиме на целата обука – клучни поими, прашања и одговори, затворање на обуката | Дискусија |
| **ТЕСТ 4** | **Тест за проверка на знаење по завршување на Турнус 4** *15 прашања \| Времетраење: 15 минути* | Писмен тест |

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-584/1
8 јули 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за домување
Претседател,
**Никола Затуроски,** с.р.

---

**2620.**

Врз основа на член 10 став 4 алинеја 2 и член 109 став 1 точка 1 точка 7 и точка 13 од Законот за Домување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр,54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014 и бр.199/2014, 146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/2020, бр.150/2022, бр.224/24 и бр.160/2025), Регулаторната комисија за домување, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОБУКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за начинот на организирање на обука за вршење на дејностите за управување со станбени згради со број: Бр.01-612/1 од 03 ноември 2025 година во („Службен весник на РСМ“ бр.231/2025).

Член 2

Во член 2 точка 4 зборовите "најмалку еднаш" се бришат и се додаваат зборовите "двапати".

Член 3

Членот 3 се менува и гласи:

"Правните субјекти кои сакаат да им се издаде, продолжи или на лицата кои имаат потврда а им истекува важноста на потврдата или не се вработени во правни субјекти кои поседуваат лиценца за управител за дејностите за управување со станбени згради се должни да поднесат барање за обука до Регулаторната комисија за домување во писмена форма по пошта, на електронска пошта rkd@rkd.gov.mk или во архивата на Комисијата".

Член 4

Во членот 8 по зборовите "пропишува програмата со одлука" се додаваат зборовите "најмногу за период од една година".

Член 5

Во член 11 зборовите "во рок од три месеци" се бришат.

Бр. 01-600/1
16 јули 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за домување
Претседател,
**Никола Затуроски,** с.р.